- цел на дознаката: за административна такса за вршење на дејност;
- назив на примачот: трезорска сметка;
- банка на примачот: НБРМ;
- износ: 600,00 денари.

- уплатница за уплатени средства за користење на авто-такси станиците ( за секое возило за кое превозникот добива извод од лиценцата уплаќа по 150,00 денари од месец по возило) до истекот на лиценцата:
  Средствата се уплаќаат на следнава жиро сметка:

  Сметка: 100-0000000630-95
  - Уплатна сметка: 840-111-03247
  - Приходна шифра: 717-129-00
  - цел на дознаката: за користење на авто-такси станици;
  - назив на примачот: трезорска сметка;
  - банка на примачот: НБРМ;
  - износ: ________________ денари

- уплатница за налепници на предните бочни врати
  - Велес Буџет на Општина
  - НБРМ
  - С-ка: 100-0000000630-95
  - С-ка на буџетски корисник: 711014 1009630-10
  - Приходна шифра: 725939 00
  - Цел на дознаката: за налепници
  - износ: __________ денари.

II. ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

Превозникот кој сака да добие лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници треба да поднесе барање до Општина Велес, согласно *Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/1,3 187/13, 42/14 и 112/14), Правилникот за формата и содржината на лиценците за вршење на одделени видови на превоз во патниот сообраќај и извод од лиценците за секое возило, како и начинот и постапката за добивање и одземање на лиценците за одделени видови на превоз („Сл.весник на РМ“ бр.84/12) и Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.4/05, 11/05, 13/05, 1/06 и 10/08).* Покрај барањето, превозникот е должен да ги приложи и следните документи:

1. Доказ за впишување во Централен регистер на РМ и да има регистрирано приоритетна дејност/главна приходна шифра вршење на превоз на патници во патниот сообраќај;

2. Копии од сообраќајните дозволи (заверени на нотар) за 2 или повеќе регистрирани возила или да има договор за лизинг (копија од договорот за лизинг склучен со овластен дистрибутер заверен на нотар за моторните возила што ги користи по овиј основ) за возила со најмалку 16+1 седиште возила ***(возилото мора да биде регистрирано на фирмата)***.

3. Копија од потврдата за исполнетост на посебните техничко-експлоатациони услови за моторните возила со точно утврдена класа, како и подврда за еколошки стандарди на возилото, издадени од овластена техничка служба за единечно одобрување на возила за категории на возила согласно со Законот за возила или овлстена техничка служба за издавање на ЕКМТ сертификати согласно со Законот за превоз во патниот сообраќај;

4. Доказ дека има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторни возила, минимум 1 возач по возило (копии од обрасците М1/М2 за вработените возачи) и список на вработени по обврзник не постар од 60 дена;

5. Копија од сертификатот за професионална компетентност за управителот на фирмата, односно овластеното лице одговорно за превоз кое е во редовен работен однос кај превозникот (**ова треба да се приложи за сите фирми без разлика дали се регистрирани како ТП, ДООЕЛ и ДОО**),

6. Доказ дека превозникот поседува добар углед т.е.Потврда дека правното лице и одговорното лице во правното лице, односно физичкото лице нема:
   - правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанствотои од областа на безбедноста на јавниот сообраќај со казна затвор од една до десет години, за време на извршување на казната;и
   - изречена прекршочна мерка на безбедност-забрана за вршење на професија, дејност или должност со казна од една до десет години, за време на извршување на казната;

НАПОМЕНА: Ново регистрирано правно лице е правно лице кое е запишано во Централен регистер на РМ не повеќе од шест месеци и не е должно да ја докажува обврската за добар углед.

Со барањето за лиценца за општински линиски превоз на патници се уплатуваат следниве средства:

1. Со барањето приложува уплатница за уплатени 50, 00 денари за такса на следново: Сметка: 100-0000000630-95, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722-315-00, цел на дознаката: за административна такса, назив на примачот: трезорска сметка, банка на примачот: НБРМ;

2. По коплетирањето на документацијата за лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници превозникот има обврска да изврши уплата и тоа:

- уплатница за уплатени 6000,00 денари во републички буџет за општински линиски превоз на патници:
  Средствата се уплаќаат на следнава жиро сметка:

- Сметка: 100-0000000630-95
  - Уплатна сметка: 840-111-06506
  - Приходна шифра: 718-117-00
  - цел на дознаката: за издавање на лиценца за авто-такси превоз на патници;
  - назив на примачот: трезорска сметка;
  - банка на примачот: НБРМ;
  - износ: 6000,00 денари .

- уплатница во износ од 600,00 денари за административна такса за вршење на дејност.
  Средствата се уплаќаат на следнава жиро сметка:

  - Сметка: 100-0000000630-95
  - Уплатна сметка: 840-111-03182
  - Приходна шифра: 722-315-00
  - цел на дознаката: за административна такса за вршење на дејност;
  - назив на примачот: трезорска сметка;
  - банка на примачот: НБРМ;
  - износ: 600,00 денари.

- уплатница за уплатени средства за користење на автобуските стојалишта ( за секое активно возило се уплаќа по 750,00 денари од месец за 1 година однапред):
  Средствата се уплаќаат на следнава жиро сметка:

  Сметка: 100-0000000630-95
  - Уплатна сметка: 840-111-03247
  - Приходна шифра: 717-129-00
  - цел на дознаката: за користење на автобуски стојалишта;
  - назив на примачот: трезорска сметка;
  - банка на примачот: НБРМ;
  - износ: ___________________ денари

III. Доколку во перидот на важење на лиценцата ПРЕВОЗНИКОТ ПОСАКА ДА ГО ЗГОЛЕМИ БРОЈОТ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА за вршење на превозот согласно издадената лиценца, потребно е до Општина Велес да поднесе барање за издавање на извод од лиценцата за новите возила. Со барањето превозникот со барањето потребно е да ги приложи следниве документи:

1. Копија од сообраќајната дозвола на возилото за вршење на соодветниот превоз регистрирано на име на фирмата, заверена на нотар;

2. Копија од потврдата за исполнетост на посебните техничко-експлоатациони услови за моторните возила со точно утврдена класа, како и подврда за еколошки стандарди на возилото, издадени од овластена техничка служба за единечно одобрување на возила за категории на возила согласно со Законот за возила или овлстена техничка служба за издавање на ЕКМТ сертификати согласно со Законот за превоз во патниот сообраќај;

3. Копии од обрасците М1/М2 за вработените возачи во редовен работен однос кај превозникот и список на вработени по обврзник не постар од 60 дена и сертификат за авто-такси возач за секој возач;

4. Доказ дека во возилото со кое се врши авто-такси превоз на патници е вграден фискален апарат, доколку се работи за извод од лиценца за вршење авто-такси превоз на патници (Копија од Сертификат од за верификација на мерилото и Решение за регистрација на фискална опрема);

Со барањето за извод од лиценца за општински линиски превоз на патници се уплатуваат следниве средства:

1. Со барањето приложува уплатница за уплатени 50, 00 денари за такса на следново: Сметка: 100-0000000630-95, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722-315-00, цел на дознаката: за административна такса, назив на примачот: трезорска сметка, банка на примачот: НБРМ;
2. Доколку се работи за извод од лиценца за вршење авто-такси превоз на патници се уплаќа :

- по 150 денари месечно по возило до рок на важење на лиценцата;
- за налепници.

НАПОМЕНА: Согласно Законот за превоз во патниот сообраќај и Правилникот за формата и содржината на лиценците за вршење на одделени видови на превоз во патниот сообраќај и извод од лиценците за секое возило, како и начинот и постапката за добивање и одземање на лиценците за одделени видови на превоз:

- доколку во рокот на важење на лиценцата настанат било какви промени на било кои од условите за добивање на лиценца, превозникот за тоа го известува органот за нејзино издавање во рок од 15 дена од денот на настанатата промена;
- доколку во рокот на важење на лиценцата превозникот го намали бројот на моторни возила за кои со идавањето на лиценца му е издаден и извод од лиценца во рок од 15 дена од денот на настанатата промена треба да ги врати изводите од лиценца за тие возила кај органот што ја издал лиценцата.